

# СЛОБОДАН МИЛОШЕСКИ
# SLOBODAN MILOSHESKI

Министерство за култура на Република Македонија
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ - Штип
NI Center of culture “Aco Shopov” - Shtip

# „Констелации во уметничкиот универзум“

# “Constellations in the art universe”

Декември 2018
December 2018

## Констелации во уметничкиот универзум

И со оваа самостојна изложба, сега веќе истакнатиот академски скулптор, доц. д-р Слободан Милошески, се потврдува како автентична пројава на македонската уметничка сцена.

Со оваа поставовка, во која има дела и од голем и од мал формат, тој ги потврдува монументалните тенденции во неговиот израз, но не само во формата туку и во уметничкиот, естетскиот и идејниот израз. Неговите дела не се само монументални апстрактно-асоцијативни формации, туку тие се и аксиолошки, вредносни вертикали.

Евидентно под влијание на американскиот скулптор Александар Калдер (1898-1976) и неговите „мобили", сепак нашиот, „македонскиот Калдер" се јавува не како едноставен епигон, туку како самосвоен творечки феномен, кому „ветрот" од мобилите на Калдер му служи како инспирација во едрата за наведување на сопствениот уметнички брод. А тој брод веќе долго време едри кон отвореното море на можности кои ги нуди кинетичката скулптура која кај него е проткаена со духот на постмодерната, комбинирана со руската кубо-конструктивистичка школа и античките космолошки постулати. Оттука, кинетичноста, динамизмот кај него има не само формална, ами и идејно-суштинска смисла. Тој динамизам, својствен како примарна тенденција и за Калдер, кај нашиот уметник одамна е само средство преку кое тој ги гради овие аксиолошки вертикали, асоцијации на авторовиот, но и општочовечкиот вредносен стремеж. Без постамент, овие форми никнуваат од земјата, устремувајќи се кон небото, со што тие вредносни тенденции некако стануваат онтолошки и метафизички фундирани.

Авторот останува опседнат со движењето, неговиот немир со кинетичките својства на формата никогаш не го напушта, но творечки, тој немир се развива нагоре, кај него движењето не е само заради движење, тоа станува движење... пругоре. Во строго формална смисла, динамизмот кај скулптурата на Милошески е тројно акцентиран: прво, илузијата на поместено гравитационо тежиште ја генерира севкупната динамична творба; второ, самите елементи од кои е сочинета целината дополнително ја интензивираат самата динамика на целината: чиниш авторот прво ја конструира, ја повикува, т.е. тендира кон структурата, за да ја деконструира потоа низ потенцирањето на самите елементи од кои таа е соткаена; и трето, кај авторот не е важна само оваа морфологија, ами своја улога има и текстурата и бојата на формата, со што движењето станува целосно сугерирано од сите овие контрасти, што го чини комплетно естетското доживување. Но, конечно и можеби најважно, неговата скулптура има изразен динамизам во кој дури и гледачот е вклучен. Со тоа, естетитиката на овие дела станува комплетна затоа што станува и естетика на рецепцијата. Гледачот е повикан да учествува во тој динамизам, станувајќи просто вовлечен во растот со што овие, на прв поглед, рационални форми, сепак се доживуваат како длабоко човечки движења во потрага по спокојот. Иако геометриско-кубистички, делата на Милошоски сепак се човечки, премногу човечки.

Проф. д-р. Трајче Стојанов, естетичар





„Оригами“ (35x70x25cm.)

“Origami” (35x70x25cm.)



## Constellations in the art universe

With this solo exhibition, now the prominent academic sculptor, ass. prof. Slobodan Miloshesk, PhD, is again confirmed as an authentic actor on the Macedonian art scene.

With this installation, consisted of art work of both large and small format, he confirms the monumental tendencies in his expression, not only in the form, but also in the artistic, aesthetic and conceptual expression. His works are not only monumental abstract-associative formations; they are axiological, value verticals.

Evidently influenced by the American sculptor Alexander Calder (1898 - 1976) and his "mobiles", our “Macedonian Calder" appears not as a simple epigone, but as independent creative phenomenon, to whom the "wind" of Calder's mobiles serves as an inspiration in the sails for directinghis own artistic ship. And that ship has long gone to the open sea of opportunities offered by the kinetic sculpture, which is interlaced with the spirit of the postmodern, combined with the Russian Cubo-Constructivist School and the ancient cosmological postulates. Hence, the kinetics, dynamism in his work does not only have a sense of form, but also has a conceptually-essential meaning. This dynamism, typical of the primary tendency for Calder, with our artist, have long been only means through which he builds these axiological verticals, associations of the author's, but also the general human value pursuit. Without a pedestal, these forms sprout from the earth, ascending to the sky, making these value tendencies to somehow become ontologically and metaphysically funded.

The author remains obsessed with the movement; his restlessness with the kinetic properties of the form never leaves him, but creatively, that restlessness developsin direction up; the movement is not only for the movement itself, it becomes a movement ... upwards. In a strictsenseof the form, the dynamism in Milosheski's sculpture is threefold accentuated: first, the illusion of a displaced gravity center – generates the overall dynamic work; secondly, the very elements from which the whole is constituted - additionally intensify the dynamics of the whole: as if the author first constructs it, summons it, i.e. tends towards the structure, and then deconstructs it through the emphasis to the elements of which it is woven; and thirdly, this morphology is not the only aspect important for the author, but also the texture and color of the form have its own role, making the movement fully suggested by all these contrasts, which makes the aesthetic experience complete.

But, finally and perhaps most importantly, his sculpture has a pronounced dynamism in which even the viewer is involved. Thus, the aesthetics of these works becomes complete, because it becomes aesthetics of the reception. The spectator is called to participate in that dynamism, becoming simply drawn to the growth, making these - at first glance - rational forms, to be still perceived as deeply human movements in search of tranquility. Although geometrically-cubistic, Milososki's works are also human, very human.

Prof. Trajce Stojanov, PhD, aesthetist





„Структурни модификации“
(55x35x32cm.)

“Structural modifications”
(55x35x32cm.)





„Средиште на флуидниот пламен на плодноста“ (240x183x140cm.)

“Center of the fluid flame of fertility” (240x183x140cm.)





Издавач: НУ Центар за култура „Ацо Шопов“-Штип
За издавачот: Никола Ристов, в.д. директор
Текст: Проф. д-р Трајче Стојанов
Превод: Катерина Донеска
Лектура: Проф. д-р Ранко Младеноски
Фотографија: Зоран Тошевски
Дизајн: Доц. д-р Слободан Милошески
Печат: Ројал арт
Тираж: 300
Декември, 2018

Published by: NI Center of Culture “Aco Shopov”-Shtip
For the publisher: Nikola Ristov, acting director
Text: Prof. Trajche Stojanov, PhD
Translation: Katerina Doneska
Proof-reading: Prof. Ranko Mladenoski, PhD
Photographs: Zoran Toshevski
Design: Ass. Prof. Slobodan Milosheski, PhD
Print: Royal art
Edition: 300
December, 2018

Организација и реализација-НУ Центар за култура „Ацо Шопов“-Штип
Organization and realization-NI Center of Culture “Aco Shopov”-Shtip

Поддржано од Министерство за култура на Република Македонија
Suported by Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

Министерство за култура
на Република Македонија